РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-254/9
17.01. 2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,51/11 и 17/11), Одборот за акредитација и евалуација на 15. седница одржана на 20.12.2012 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на Елаборатот за организирање на втор циклус академски студии по Безбедност, Криминологија и Финансиска контрола на Факултетот за безбедност, криминологија и финансиска контрола при МИТ Универзитет Скопје**

1. Се акредитира студиската програма на **втор циклус академски студии по Безбедност, Криминологија и Финансиска контрола на Факултетот за безбедност, криминологија и финансиска контрола при МИТ Универзитет Скопје,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за вториот циклус универзитетски студии по **Безбедност, Криминологија и Финансиска контрола** , во траење од две години ( четири семестри).

3. По завршените студии на вториот циклус, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање**: Магистер по безбедност, Магистер по криминологија и Магистер по финансиска контрола,** научно-истражувачко подрачје: 5 општествени науки, научно истражувачко поле: 515 Одбрана, 516 Безбедност, 51502, 51503, 51504, 51057, 51059, 51511, 51603, 51604, 51610.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Факултетот за безбедност, криминологија и финансиска контрола при МИТ Универзитет Скопје, по претходно донесента одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на студиската програма по Безбедност, Криминологија и Финансиска контрола, како и одлуката за усвојување на студиските програми од Ректорската управа, достави елаборат до Одборот за акредитација бр.15-254/1 од 21.06.2012 година.

Одборот за акредитација на својата 11 седница одржана на 21.06.2012 година формира експертска комисија и на 15 седница одржана на 20.12.2012 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски